Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на дел од дневните настани 22.08.2024

Во 20.45 часот на ул.„Иво Лола Рибар" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово ги лишиле од слобода А.Ш.(19) и Х.Ш.(22), двајцата од Тетово. Тие се сомничат дека околу 20.20 часот пред објект на приватна фирма - брза пошта во Тетово со закана со огнено оружје кон вработениот и уште едно лице, од возилото кое го товарале одзеле три коверти со пари и документи. При приведувањето кај Х.Ш. бил пронајден и одземен нож. Лицата биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 22.08.2024 во 01.10 часот на улица „107" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Е.Б.(31) од с.Слатино, тетовско. Тој бил осуден на казна затвор од шест години за сторени кривични дела „тешка кражба", „разбојништво", „учена", „загрозување на сигурноста при вршење семејно насилство" и „загрозување на безбедноста во сообраќајот", а бил баран по потерница врз основа на наредба од Казнено – поправната установа Затвор Идризово поради бегство од установата. Лицето било спроведено во Казнено – поправната установа затвор Идризово за доиздржување на две години и шест месеци од казната.

На 21.08.2024 во 20.00 часот, полициски службеници од Отсекот за општ криминал при СВР Велес го лишиле од слобода Е.А.(33) од Велес. Тој се сомничи дека со употреба на сила и алат влегол во домот на 84 - годишен велешанец и одзел предмети. Одземените предмети биле пронајдени и вратени на сопственикот, а Е.А. бил приведен во полициска станица. Известен бил јавен обвинител и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 21.08.2024 во 20.10 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода О.Б.(28) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 21.08.2024 во 21.55 часот во Скопје, на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ја лишиле од слобода Л.М.(25) од Скопје затоа што кај неа била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 21.08.2024 во 17.30 часот на магистралниот пат А4, кај клучка за с.Иљево, радовишко, , полициски службеници од ОВР Радовиш ги лишиле од слобода К.Ј.(31) и Д.Т.(22), двајцата од Радовиш. При преглед на патничко возило „фиат" со радовишки регистарски ознаки, кое го управувал К.Ј., а сопатник бил Д.Т., кај Д.Т. била пронајдена и одземена марихуана. Лицата биле задржани во Полициската станица Радовиш и за настанот бил запознаен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Радовиш. По документирање на случајот против лицата ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 22.08.2024 во 00.30 часот во Гостивар, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при ОВР Гостивар ги лишиле од слобода А.М.(20) од Гостивар, Б.З.(19) од Скопје, Р.Д. (18) од Гостивар и А.С. (21) од Гостивар затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 21.08.2024 во 11.35 часот на Граничниот премин Блаце, полициски службеници го лишиле од слобода Е.Х.(36) од Скопје, а со престој во Република Србија затоа што при извршена пасошка контрола и извршена проверка беше констатирано дека евидирал со марка „апси" по барање на Секторот за меѓународна полициска соработка – Отсек потраги. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Скопје за понатамошна постапка.

На 21.08.2024 во 10.58 часот во СВР Штип, Д.М.(36) од с.Ратево, беровско, пријавил дека при ископ во неговото дворот од неговата семејна куќа пронашол една неексплодирана граната со димензија од околу 30 сантиметри, најверојатно од Првата светска војна. Гранатата била безбедно подигната од стручно лице од Дирекцијата за заштита и спасување.

Денеска (22.08.2024) околу 03.15 часот во СВР Куманово било пријавено дека на локален пат кој води за с.Пчиња, во близина на место викано „Менкова колиба", патничко возило „сеат" со кумановски регистарски ознаки, управувано од А.Д.(21) од Куманово, излетало од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот Л.С.(23), додека со телесни повреди се здобилле возачот и сопатничката Н.Е. (20) од Куманово, констатирани во Општата болница во Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Куманово.

На 21.08.2024 во 20.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„1" во с.Арачиново, скопско, патничко возило „фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од Е.К.(31) од с.Орланци, скопско, удрило во паркирано патничко возило „мерцедес" со германски национални ознаки, паркирано од Н.М.(50) од с.Арачиново и паркирано товарно возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки, паркирано од Ф.М.(37) од с.Арачиново. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот од возилото „голф", З.К.(70), а со телесни повреди се здобилле уште двајца сопатници А.М.(35) и еден малолетник од истото возило, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 21.08.2024 во 22.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на локалниот пат кој води кон Средно Водно, патничко возило „сеат ибица" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.К.(23) од Скопје, излетало надвор од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила малолетна сопатничка од Скопје, а со телесни повреди се здобил возачот констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 21.08.2024 во 22.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на обиколница на Град Скопје, во близина на клучка Орман, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.М.(26) од Скопје, удрило во ограда од патот и во патничко возило „мерцедес" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од А.Е.(32) од с.Чаје, гостиварско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот Б.М., констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 21.08.2024 во 23.25 часот во Полициската станица Дебар било пријавено дека во близина на браната „Шпиље" во Дебар се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „опел" со дебарски регистарски ознаки, управувано од Е.П.(31) од Дебар и патничко возило „фолксваген голф" со дебарски регистарски ознаки, управувано од А.И. (24) од Дебар. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот А.И., а со телесни повреди се здобилле возачот Е.П. и неговата сопатничка Д.Д.(28), констатирани во Општата болница Дебар. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Дебар.

На 21.08.2024 во 13.20 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Б.А.(19) од Скопје пријавила дека во паркот во Ѓорче Петров била касната од куче скитник.

На 22.08.2024 во 04.43 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Црногорска 2" во Скопје било опожарено патничко возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки, сопственост на М.Т.(35) од Скопје. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 21.08.2024 во 19.30 часот во СВР Скопје, Б.Г.(59) од Скопје пријавил дека околу 18.00 часот забележал дека неговото патничкото возило „алфа ромео" со скопски регистарски ознаки, кое било паркирано на паркинг простор на подрачјето на Чаир, било оштетено од заталкан куршум од огнено оружје. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје, а зрното било подигнато за понатамошна постапка.

На 22.08.2024 во 01.30 часот пред угостителски објект на ул.„Никола Тесла" во Битола, полициски службеници од СВР Битола ги привеле С.Т.(53) и Ф.Д.(19), двајцата од Битола, затоа што го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 21.08.2024 во 21.30 часот во СВР Скопје, В.Д.(23) од Скопје пријавил дека околу 20.20 часот на подрачјето на Драчево, тој, И.А.(53), Л.Т.(56), двајцата од Скопје и С.А. (23) од Битола, поради нерасчистени должничко-доверителски односи, биле физички нападнати од С.П.(40) и малолетник, двајцата од с.Волково, скопско и Г.С.(48) од с.Радишани, скопско, кои употребиле и тврди предмети. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против М.К.(28) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи од безбедноста". На 28.07.2024 на ул.„Железничка" во Охрид, пријавениот физички нападнал полициски службеници кои извршувале службени дејствија.

На 21.08.2024 околу 20.00 часот во ОВР Ресен било пријавено дека на патот за с. Царев Двор, ресенско, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу О.Ч.(40) и Д.Ч.(66), двајцата од Ресен, од една страна и Ѓ.Ч.(19) од Битола, од друга страна. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 21.08.2024 во 20.15 часот во СВР Скопје, А.Ѓ.(74) од Скопје пријавил дека околу 18.00 часот на подрачјето на Драчево, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од неговиот сосед Ф.Б.(32) од Скопје, кој употребил и тврд предмет. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 21.08.2024 околу 21.10 часот во Полициската станица Свети Николе било пријавено дека во Свети Николе, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Љ.С.(60) и С.П.(37), двајцата од Свети Николе. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Б.Д. (39) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад на службено лице при вршење работи на безбедноста". На 19.06.2024 во Прилеп, пријавениот физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија.

На 21.08.2024 во 21.10 часот во ОВР Радовиш, Н.Д.(35) од Радовиш пријавила дека на ул.„Плачковица" во Радовиш била касната од куче со сопственик.

На 21.08.2024 во 22.23 часот во СВР Скопје било пријавено дека на локален пат од с.Р'жаничино кон с.Коњари, скопско, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „шкода јети", сопственост на МВР, и мотоцикл управуван од С.Р.(23) од с.Долно Коњаре, скопско. Во незгодата со телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Увид изршила екипа од СВР Скопје.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Д.А.(19), А.А.(23), Ќ.М.(18) и Г.Р.(18), сите од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 08.11.2023 во угостителски објект во Прилеп, пријавените физички ги нападнале Д.Р.(21) и А.С.(21), двајцата од Прилеп и им нанеле повреди.

На 21.08.2024 во 02.15 часот СВР Струмица, С.Ј.(31) од Струмица пријавил дека во близина на Градски парк во Струмица била каснат од куче скитник.

На 21.08.2024 околу 23.10 часот во СВР Скопје, Д.Б.(20) од с.Батинци, скопско, пријавила дека на 16.08.2024 на работното место во приватна здравствена установа во селото, по претходно недоразбирање, била физички нападната од Џ.К.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.08.2024 во 18.50 часот во СВР Битола, А.Т.(63) од Битола пријавила дека во Градскиот парк во Битола била касната од куче скитник.

На 21.08.2024 во 13.00 часот во СВР Скопје, Б.С.(20) од Скопје пријавил дека на 14.08.2024 околу 00.15 часот пред угостителски објект на подрачјето на општина Аеродром бил физички нападнат од Л.К. и уште неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот, по што ќе следува соодветен поднесок.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Н.М.(68) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „лажно пријавување". На 08.07.2024 пријавениот лажно пријавил кривично дело „затајување", при што навел дека работната машина – дробилка не му била доставена до местото каде што е договорено и дека е во сопственост на правното лице, чиј управител е тој, иако машината била сопственост на друго правно лице.

На 21.08.2024 во 11.00 часот во Полициска станица Аеродром, А.Г.(52) од Скопје, управител на приватна фирма, пријавил дека пет негови вработени лица од Непал на возраст од 22 до 47 години, со привремен престој во Скопје, се оддалечиле ине местото од каде што престојувале. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицата.

На 21.08.2024 во 20.00 часот во СВР Битола, А.Х.(36) од Битола пријавила дека на ул. „Григор Прличев" во Битола била касната од куче скитник.

На 21.08.2024 во 09.20 часот во СВР Битола, С.Н.(59) од с.Лопатица, битолско, пријавил дека на ул.„ Генерал. Васко Карангелевски" во Битола бил каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет